**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-905/**

**З А П И С Н И К**

**Од 137-ма седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 18.02.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим,Јагнула Куновска, Ивана Трајковска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Дарко Стефановски-претседател на Надзорен одбор на МРТ и Ајтен Власаку Мехмети-Директор на Македонско радио. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата,137-та седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 13:00 часот.
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 136-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Информација по Заклучок бр.02-217/1 од 05.02.2021 год.

3. Разгледување на Информација по Заклучок бр. 02-607/2 од 05.02.2021 год.

4. Разгледување на Информација по Заклучок бр. 02-607/3 од 05.02.2021 год.

5. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 136-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ го стави на разгледување записникот од 136-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 136-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 136-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување на Информација по Заклучок бр.02-217/1 од 05.02.2021 год.**
Директорката на МРА Ајтен Власаку Мехмети даде воведно излагање,и истакна дека постапувајќи соглано задолжението по Заклучокот на Програмскиот совет на МРТ е доставено до ЗАМП допис со барање за потребните информации за вработениот Јошко Бошковски за годините наведени во Заклучокот од Програмскиот совет на МРТ.
ЗАМП во својот одговор кој ви е доставен и вам на разгледување велат дека податоците за рангирањето според емитуваните дела односноспоред исплатените тантиеми за авторот Јошко Бошковски за последните пет години (2016,2017,2018,2019 и 2020 година) како и другите вработени во МРА се податоци кои не се од јавен карактер.
Директорката на МРА Ајтен Власаку Мехмети исто така во продолжение ги прочита и известувањата од раководителот на Одделението за координација и евиденција на МРА за емитувана музика на програмите на Македонското радио за годините (2015,2016 и 2017).
Членот Златко Јанковски со прашање зошто нема табеларен приказ за останатите вработени од Македонското радио на кое место се рангирани кои се членови на ЗАМП,за споредба со Јошко Бошковски.
Директорката на МРА Ајтен Власаку Мехмети истото е порабрано од ЗАМП и повторно е одбиено одговор дека и тие се податоци кои не се од јавен карактер и не може да ги добиеме,кај нас во МРА не се регирстрирани така па да може да ги извадиме на некој спиок по песна кој се автори.
Членот Снежана Клинчарова по однос на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер истакна дека проверила на веб старната на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, и за жал ЗАМП не е на списокот на институции и здруженија кои подлежат на истиот за достапност на информации.

**ТОЧКА 3: Разгледување на Информација по Заклучок бр. 02-607/2 од 05.02.2021 год.**
До присутните беше доставен список на потпишани програмски договри склучени во период од месец Декември 2020 до месец Февруари 2021 година.
По однос на оваа точка немаше никој присутен од налдежните за да се добие било каква информација,па материјалот остана за разгледување за наредна седница.

**ТОЧКА 4: Разгледување на Информација по Заклучок бр. 02-607/3 од 05.02.2021 год.**
Во врска со Заклучокот со горенаведениот број и датум од Програмскиот совет на МРТ, со кој се бара информација од Директорот на МРТ за реализацијата на отворената програма по повод Светското првенство во ракомет – Египет 2021, дали е реализирана од страна на МРТ и доколку не е, да се достави објаснување зошто е така постапено, како и да се достави копие од договорот за реализација, Директорот на МРТ беше добиен одговор дека согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и Правилата за начинот и постапката за спроведување јавни конкурси, Директорот на МРТ нема програмски ингеренции и поради тоа текстот на Заклучокот е препратен до лицата одговорни за програмата на нивно натамошно постапување.По нивното појаснување по Заклучокот, истиот ќе ви биде доставен на ваше разгледување.

**ТОЧКА 5: Разно.**
По однос на оваа точка беше доставено Известување од Одговорниот уредник на Вториот програмски сервис во МРА Зоран Мирчевски во кое се известуваат членовите на Програмскиот совет на МРТ дека никој до сега не го повикал на сосатнок за решавање на проблемот со недостигот на вработени во Вториот програмски сервис на МРА (Радио 2),како што беше наведено и преложено во Заклучоккот на Програмскиот совет на МРТ од предходната седница.
Директорката на МРА Ајтен Власаку Мехмети потврди дека е алрамантна ситуацијата во радиото и точно е тоа дека сеуште не не има повикано Директорот на МРТ на состанок, како би изнашле некакво заедничко решение за проблемот со недостаток на вработени.

Членовите на Програмскиот совет на МРТ го разгледаа Известувањето од Одговорниот уредник на Вториот програмски сервис во МРА Зоран Мирчевски и по расправата го предложија следниов Заклучок:
•Програмскиот совет на МРТ ги задолжува Директорот на МРТ и Директорката на МРА да присуствуваат на наредната седница на Програмскиот совет на МРТ на која ќе се разгледува ситуацијата со недостигот на вработени во Вториот програмски сервис на Македонското радио.
-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ

Седницата заврши во 14:00 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

Ведат Мемедалија
зам.претседател